СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА



Тематска анализа/дијагностика:

# Трговија и конкурентност

## Извршно резиме

Во тематската област трговија и конкурентност е даден приказ на трговската политика на земјата, нејзините носители, карактеристики и трговските текови во избран временски период.Воедно, направен е осврт врз конкурентноста на македонската економија, чинителите и факторите кои истата ја определуваат, со фокус на најважните прашања кои треба да се третираат во оваа област. Посебно внимание е посветено на правната и стратешката рамка, како и на расположливите податоци. Покрај тоа, тематската област е вкрстена со неколку интердисциплирани области (социјална инклузија; добро владеење; управување со ризици од катастрофи и градење на отпорност кон кризи; дигитализација и иновации; родова еднаквост и пристап заснован на човекови права). При изработка на анализата за трговија и конкурентност се користени методите на консултација на засегнатите страни, како и консултација на релевантни документи. Во анализата е поместено резиме од консултациите со засегнатите страни, како и заклучоци и препораки за натамошниот тек на изработката на Националната развојна стратегија.

Главните наоди од анализата покажуваат дека Република Северна Македонија се одликува со висока трговска отвореност и ниска конкурентност на домашната индустрија. Над 77% од вкупната надворешна трговија во 2021 година била реализирана со земјите со кои Република Северна Македонија има потпишано спогодби за слободна трговија. Најголем дел од трговската размена се врши со ЕУ и ЦЕФТА. СДИ во земјата имаат доминантна улога во македонскиот извоз и увоз, меѓутоа, домашните компании не се значајно вклучени во нивните синџири на снабдување и синџирите на додадена вредност. Искористувањето на можностите кои ги нуди трговската либерализација од страна на домашните фирми е условено од нивната конкурентност која не е на завидно ниво. Во Извештајот за глобална конкурентност 2019, македонската национална економија беше рангирана на 82 место од 141 земја. Главни проблемиво однос на конкурентноста се ниската продуктивност и ниската стапка на иновации.

Карактеристично е што државата тековно нема формално дефирани политики за трговија и конкурентност кои би дале насоки за идните активности на државата. Главните прашања со кои се занимава трговската политика на светско ниво се однесуваат на нецаринските бариери, олеснувањето на трговијата, зајакнувањето на механизмите за мерење на ефектите од спогодбите за слободна трговија, како и регулирање на трговијата со услуги и поттикнување на меѓународната електронска трговија на домашните економски субјекти.

Од друга страна, правната и стратешката рамка за конкурентноста е многу обемна, но, клучниот документ – Стратегијата за конкурентност 2016-2020 веќе не е важечка. Примарните прашања на кои треба да се посвети посебно внимание се однесуваат на продуктивноста на трудот, структурната трансформација на домашната индустрија во корист на секторите што произведуваат повисока додадена вредност, подигнување на стапката на иновации и технолошки развој во земјата и поттикнување на нови инвестиции – домашни и странски. Исто така, големо внимание треба да се посвети на образованието и неговото реформирање во сите образовни циклуси со цел да учениците и студентите да се стекнат со знаења кои обезбедуваат поголема вработливост на пазарот на трудот.

Наведените прашања треба да се адресираат при (ре)дизајнирањето двете политики (трговија и конкурентност), а при нивната имплементација многу е важна координацијата со

цел да се обезбедат високи ефекти од расположливите ресурси. Во тој контекст, најважна улога треба да има Министерството за економија. Со оглед на тоа дека се работи за мал домашен пазар, извозната ориентираност на македонските компании е клучна за растот и развојот, што упатува на неопходноста од вкрстување на политиката за конкурентност со политиката за надворешна трговија. Меѓутоа, потребно е усогласување и со другите економски области, како што е посочено во препораките на оваа тематска анализа.